

# ЗАТОА ШТО ДОБРО ИНФОРМИРАНИ ГРАЃАНИ СЕКОГАШ НОСАТ ДОБРИ ОДЛУКИ!

*Значи, што претставува истражувачкото новинарство? Тоа е систематско постапување врз основа на инстинктот, што бара длабинско, оригинално истражување и известување.*

Давид Каплан,
новинар истражувач

## ЗАЕМНА СПРЕГА ЗА ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ

Граѓаните се тие што може и треба да **ПОСОЧАТ КОРУПЦИЈА**, а новинарите треба да ја **ИСТРАЖУВААТ**. Овој заемен интерес создава притисок за поголема транспарентност и демократско работење на институциите, како предуслов за економски и социјален развој на општеството. Во очите на граѓаните, новинарите истражувачи треба да ја **СИМБОЛИЗИРААТ** борбата против неодговорното работење на власта, што најмногу ги погодува токму граѓаните. Оваа соработка меѓу граѓаните и новинарите истражувачи е повеќе од потребна заради постигнување иста и заедничка цел – демократски, транспарентни и одговорни институции.



## ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО ЗА ДА СЕ ДОЗНАЕ ВИСТИНАТА!


Оваа публикација е издадена со финансиска поддршка од Европската Унија. За нејзината содржина се одговорни единствено СКУП и МИМ и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

SouthEastEuropean MEDIA OBSERVATORY

inbox7 Онлајн магазин

EU for YOU!

Проект „Медиумска опсерваторија на Југоисточна Европа“

Проектот е финансиран од Европската Унија

# ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО - ЗА ДА СЕ ДОЗНАЕ ВИСТИНАТА!

Истражувачкото новинарство подразбира известување во кое се обелоденува содржина што намерно или случајно е **СКРИЕНА** од јавноста од страна на лица и институции што поседуваат политичка или економска моќ. Овој вид новинарство не подразбира објавување готови, наметнати или спинувани содржини, туку оригинални медиумски производи, кои се **ЛИЧНА ИНИЦИЈАТИВА** на самиот новинар. За разлика од конвенционалното новинарство, кое има улога да информира и да известува за тековните настани, улогата на истражувачкото новинарство е да открива, да посочува и да инсистира на решавање на случаите поврзани со злоупотреба на моќта и финансиите, непочитување на законите од страна на политички и економски центри на моќ, како и со неодговорното работење на институциите и власта.

# ДОБРО ИНФОРМИРАН ГРАЃАНИН НОСИ ДОБРИ ОДЛУКИ

Истражувачкото новинарство е **ЧУВАР НА ДЕМОКРАТИЈАТА**, што подразбира и чувар на правото на граѓаните да носат одлуки засновани на веродостојни информации. Со тоа што обезбедува проверени информации базирани на повеќе извори и документи, овој вид новинарство овозможува поголема **ТРАНСПАРЕНТНОСТ** на институциите и помали шанси за нивно коруптивно делување. Само добро **ИНФОРМИРАН ГРАЃАНИН** може да носи правилни одлуки, кои овозможуваат подобра иднина за него и за општеството во кое живее. Новинарите истражувачи во земјава, изминативе години истражија многу незаконски и неетички појави во државните институции, како и случаи во кои беа вмешани политички или економски центри на моќ. Злоупотреба на јавните пари за лично богатење на државни функционери, еколошки криминал, скандали во здравството, мизерен студентски стандард, слаби институции за борба против корупцијата, валкани инвестиции – се само дел од темите за кои новинарите истражуваа и објавуваа истражувачки стории. **КАКО РЕЗУЛТАТ НА ТОА**, беа санкционирани некои неодговорни функционери, беа поттикнати иницијативи за подобрување на условите во болниците, во студентските домови, на еколошката состојба во некои средини или, пак, јавноста беше подобро запозната како пратениците ги трошат јавните пари.

# ГРАЃАНИТЕ – ПОЧЕТНА И КРАЈНА ТОЧКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да се истражува која било девијантна појава или незаконско работење, новинарите истражувачи мора да добијат почетни информации. Врз основа на тие индиции, кои често доаѓаат од граѓаните, почнува процесот на истражување, кој е **ДОЛГ И МАКОТРПЕН**, но на крај - граѓаните се тие што имаат најмногу придобивки од резултатите. Токму граѓаните, како даночни обврзници, се особено заинтересирани **КАКО СЕ ТРОШАТ ЈАВНИТЕ ПАРИ**. А, новинарите истражувачи се оние што откриваат како парите се незаконски потрошени, злоупотребени или украдени од страна на политичките или економските моќници. Транспарентноста ги сведува на минимум можностите за вакви злоупотреби, додека затвореноста и неотчетноста се индиции дека овие девијантни појави се присутни во институциите.

## ЗАТОА ШТО ДОБРО ИНФОРМИРАНИ ГРАЃАНИ СЕКОГАШ НОСАТ ДОБРИ ОДЛУКИ!

***„Истражувачкото новинарство се наметна како потреба во услови кога квалитетот на новинарството опаѓа. Тоа открива, обелоденува факти до кои тешко се доаѓа, но нивниот импакт во јавноста е далекусежен и подолготраен. Истражувачките стории воедно и го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните, бидејќи влијаат врз креаторите на политики.“***

*Жаклина Хаџи-Зафирова, новинар и сооснивач на Центарот за истражувачко новинарство СКУП - Македонија*

***„Во секоја нормална држава и во секоја нормална професија, вклучувајќи го тука и новинарството, истражувањата би требало да имаат свое влијание, односно да бидат поттик и мотив за државните институции да почнат со некоја истрага. Но, што се случува кај нас? Малку обратен процес. /.../ Државата воопшто не сака да соработува, а институциите што се вмешани или за кои пишуваме, не сакаат да одговорат дури ниту на општите новинарски прашања.“***

*Љубиша Арсиќ, новинар*

***„Истражувачкото новинарство може да допре до граѓаните најмногу кога се однесува на нивните проблеми. Од друга страна, пак, граѓаните се тие што мора да ни помогнат нам во ваквите стории, бидејќи најтешко беше да се охрабрат да проговорат за своите проблеми.“***

*Билјана Николовска, новинар во ТВ Телма*